**И З В Р Ш И Т Е Л**
**Данче Чурлинова**
**именуван за подрачјето на**

**Струмица и Радовиш**
**ул. Ленинова бр.14**
**тел. 034 611-690**

**Образец бр.66**

**И.бр.281/2020**

Извршителот **Данче Чурлинова** од **Струмица** врз основа на барањето за спроведување на извршување од доверителот **АЛМАКО БАНКА -АД во стечај** од Скопје со ЕМБГ/ ЕМБС/ ЕДБ 4030993234720 и живеалиште/ престојувалиште/ седиште на , засновано на извршната исправа И.бр.782/96 од 23.9.1996 на Основен суд Струмица, против должникот **ИНТЕР ЕЛАС ДОО експорт-инпорт** од Струмица со ЕМБГ/ ЕМБС/ ЕДБ и живеалиште/ престојувалиште/ седиште на ул. Елка Јанкова бр.1А/9, за спроведување на извршување во вредност 3.100.000,00 ден., на ден 16.02.2023 година го донесува следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА УСНА ЈАВНА ПРОДАЖБА**
**(врз основа на членовите 179 став (1), 181 став (1) и 182 став (1) од Законот за извршување)**

СЕ ОПРЕДЕЛУВА трета продажба со усно јавно наддавање на недвижноста означена како:

-Кп.бр.183,дел 3,број на зграда 0,м.в.,,Туполите,, план 5,скица 10,култура двор површина од 168,14м2-, право на сопственост,

-Кп.бр.183,дел 3, број на згарда 1, м.в.,,Туполите,, план 5,скица 10, култура- под зграда ,класа 0, површина од 258,25м2 -право на сопственост,

-Кп.бр.183, дел 3, м.в.,,Туполите,,број на зграда 1, намена на зграда- лоѓии,балкони и тераси,влез 001,број 000,собност 0,внатрешна површина од 70м2, право на недвижност 831,

-Кп.бр.183,дел 3, м.в.,,Туполите,, број на зграда 1, намена на зграда –деловна зграда во стопанството,влез 001, кат 01,број 000,собност 3,внатрешна површина од 79м2,право на недвижност 831,

-Кп.бр.183,дел 3, м.в.,,Туполите,, број на зграда 1, намена на зграда-деловна зграда во стопанството, влез 001, кат ПР, број 000, внатрешна површина од 218м2 право на недвижност 831. , запишана во имотен лист бр.103 КО Раборци при АКН Струмица сопственост на должникот **ИНТЕР ЕЛАС ДОО експорт-инпорт**.

**Продажбата ќе се одржи на ден 24.03.2023 година во 12.00 часот во просториите на Извршител Данче Чурлинова на ул.,,Ленинова ,,бр.14 Струмица..**

Почетната вредност на недвижноста, утврдена со заклучок на извршителот И.бр.281/2020 од 13.02.2023 а на предлог на доверителот изнесува 1.918.713,00 денари, под која недвижноста не може да се продаде на третото јавно наддавање.

Недвижноста е оптоварена со следните товари и службености .
Договор за обезбедување на побарување со засновање на заложно право на недвижност со потврда на солемнизација ОДУ. 211/200 од 25.09.2000 на Нотар Јанко Милушев во корист на Стопанска банка АД Скопје,Спогодба за хипотека од прв ред И.бр.782/96 и ИНО.бр.177/96 од Основен суд Струмица во корист на Алмако Банка АД Скопје,Налог за извршување И.бр.715/09 од Извршител Љупчо Јованов од Кавадарци,Решение бр.21-1135/1 од 20.03 2008 година на Министерство за финансии-Управа за јавни приходи-Регионална дирекција Струмица.

Должникот кој како сопственик домува во продадената семејна станбена зграда или стан, не го задржува правото да домува тука и е должен зградата, односно станот да ги испразни во рок од 30 дена од денот на доставување на Заклучокот за предавање во владение на недвижноста, а ако тоа не го стори, извршителот на предлог од купувачот присилно ќе го изврши испразнувањето на зградата односно станот.

На јавното наддавање можат да учествуваат само лица кои претходно положиле гаранција која изнесува 1/10 (една десеттина) од утврдената вредност на недвижноста.

Уплатата на паричните средства на име гаранција се врши на жиро сметката од извршителот со бр. 300030000178078 која се води кај Комерцијална Банка АД Скопје и даночен број 5027011503164.

На понудувачите чија понуда не е прифатена, гаранцијата им се враќа веднаш по заклучувањето на јавното наддавање.

Најповолниот понудувач - купувач на недвижноста е должен да ја положи вкупната цена на недвижноста, во рок од 15 дена од денот на продажбата, во спротивно ќе се определи нова продажба, а средствата од положената гаранција се сметаат за наплатени средства во извршувањето.

Овој заклучок ќе се објави во следните средства за јавно информирање Дневен печат Нова Македонија и електронски на веб страницата на Комората .

Заклучокот ќе се достави до странките, заложните доверители, до учесниците во постапката, до лицата кои имаат запишано или законско право на првенство на купување и до надлежниот орган на управата.

И З В Р Ш И Т Е Л
Данче Чурлинова

Д.-на: Должник,Доверител,ДаночноОдделение,

УЈП-Струмица,Извршител Љупчо Јованов

**Правна поука**: Против овој заклучок може да се поднесе приговор до Основниот суд Струмица согласно одредбите на член 86 од Законот за извршување.